Број на Службен весник: 234/2025
Датум на објава на Службен весник: 18.11.2025

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Врз основа на член 266-б став (9) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), министерот за економија и труд донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРЕКРШОЦИТЕ, ИЗРЕЧЕНИТЕ САНКЦИИ И ДОНЕСЕНИТЕ ОДЛУКИ ОД ОБЛАСТА НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки од областа на работните односи од страна на Комисијата за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: евиденцијата).

### Член 2

(1) Евиденцијата се води во електронска форма.
(2) Евиденцијата содржи: реден број на предмет, архивски број на барањето за поведување на прекршочна постапка, назив и седиште на правното лице, име и презиме на одговорното лице во правното лице, правен основ за сторен прекршок, известување до сторителите на прекршокот за поведена прекршочна постапка, решение на Комисијата за одлучување по прекршок по барањето за поведување на прекршочна постапка, правосилност и извршност на решението на Комисијата за одлучување по прекршок и начин на извршувањето (доброволно или присилно).

### Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 12-5566/1 | Министер |
| 14 ноември 2025 година | за економија и труд, |
| Скопје | **Бесар Дурмиши**, с.р. |